МОДУЛ **3.** ПРЕПРАВИ**,** ИСКОРИСТИ**,** ИЗМИСЛИ ПОВТОРНО

# ВЕЖБА 7. "ИГРА МЕМОРИЈА ОД РЕЦИКЛИРАНИ МАТЕРИЈАЛИ"

ПРОЦЕНЕТО ВРЕМЕ: 60 – 75 МИНУТИ

ФОКУС:КРЕАТИВНОСТ, УЧЕЊЕ ПРЕКУ ИГРА ЗА СИМБОЛИ НА ОДРЖЛИВОСТ, АПСАЈКЛИРАЊЕ, ТИМСКА РАБОТА, КОНЦЕНТРАЦИЈА

ПОТРЕБНИ МАТЕРИЈАЛИ:

- ОСТАТОЦИ ОД ТКАЕНИНА ОД СТАРИ КОШУЛИ, РАКАВИ ИЛИ МАИЧКИ (20 КВАДРАТИ СО ИСТА ГОЛЕМИНА, ПР. 10X10 CM)
- МАРКЕРИ ЗА ТЕКСТИЛ, ПЕРМАНЕНТНИ МАРКЕРИ ИЛИ БОЈА ЗА ТЕКСТИЛ
- РЕЦИКЛИРАН КАРТОН (ПР. КУТИИ ОД ЖИТАРИЦИ ИЛИ ПАКУВАЊЕ)
- НОЖИЦИ ЗА ТКАЕНИНА
- ЛИНИЈАР ИЛИ МЕТАР
- ИГЛА И КОНЕЦ (ДОКОЛКУ ИЗБЕРЕТЕ ДА ГИ ШИЕТЕ)
- СИЛИКОНСКИ ИЛИ ТЕКСТИЛЕН ЛЕПАК (ОПЦИЈА, ЗА ВЕРЗИЈА БЕЗ ШИЕЊЕ)
- ПЕГЛА (ОПЦИЈА, ЗА ФИКСИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛНАТА БОЈА)

УПАТСТВО ЗА ИЗРАБОТКА:

1. ПОДГОТВЕТЕ ГИ ОСНОВИТЕ:

- ИСЕЧЕТЕ 20 КВАДРАТИ ОД ТКАЕНИНА СО ИСТА ГОЛЕМИНА (ОКОЛУ 8X8 CM ИЛИ 10X10 CM)
- ИСЕЧЕТЕ 10 ПАРЧИЊА КАРТОН, МАЛКУ ПОМАЛИ, ЗА ДА МОЖЕ ДА ВЛЕЗАТ МЕЃУ ДВЕ ТКАЕНИНИ

Co-funded by the European Union

# ВЕЖБА 7. “ИГРА МЕМОРИЈА ОД РЕЦИКЛИРАНИ МАТЕРИЈАЛИ”

- СЕКОЈА МЕМОРИ-КАРТИЧКА ЌЕ БИДЕ СОСТАВЕНА ОД ДВЕ ПАРЧИЊА ТКАЕНИНА СО ЕДНО КАРТОНСКО ПАРЧЕ ПОМЕЃУ — КАКО СЕНДВИЧ.

2. СОСТАВУВАЊЕ НА КАРТИЧКИТЕ:

- СТАВЕТЕ ГО КАРТОНСКОТО ПАРЧЕ ПОМЕЃУ ДВЕТЕ ТКАЕНИНИ
- ЗАЛЕПЕТЕ ГИ ИЛИ СОШИЈТЕ ГИ РАБОВИТЕ ЗА ДА СЕ ЗАТВОРИ КАРТИЧКАТА
- ОСИГУРАЈТЕ СЕ ДЕКА СИТЕ КАРТИЧКИ ИЗГЛЕДААТ ИСТО ОД ЗАДНАТА СТРАНА
- НА ПРЕДНАТА СТРАНА, НАЦРТАЈТЕ СИМБОЛИ ИЛИ КРАТКИ НАТПИСИ, НА ПР. ♻️ (ЗНАК ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ), “OEKO-TEX”, “PETA VEGAN APPROVED”, “GOTS”, “FAIR TRADE”
- НАПРАВЕТЕ 10 ПАРА СИМБОЛИ НА ОДРЖЛИВОСТ (ВКУПНО 20 КАРТИЧКИ)
- КОРИСТЕТЕ ТЕКСТИЛНИ ИЛИ ПЕРМАНЕНТНИ МАРКЕРИ ЗА ДА ГИ ПРИКАЖЕТЕ СИМБОЛИТЕ ЈАСНО И ВИДЛИВО
- МОЖЕТЕ ПРВО ДА ГИ НАЦРТАТЕ НА ХАРТИЈА И ПОТОА ДА ГИ ПРЕНЕСЕТЕ НА ТКАЕНИНАТА, РАЧНО ИЛИ СО ПОМОШ НА ШАБЛОН

Co-funded by the European Union

# ВЕЖБА 7.

# “ИГРА МЕМОРИЈА ОД РЕЦИКЛИРАНИ МАТЕРИЈАЛИ”

3. Како се игра:

- Измешајте ги картичките и наредете ги со симболите надолу, формирајќи квадрат
- Играчите наизменично превртуваат по две картички, обидувајќи се да најдат исти симболи
- Секојпат кога ќе се најде пар, играчот треба да објасни што значи симболот и како е поврзан со концептот на бавна мода (slow fashion)
- Играта продолжува додека не се спојат сите парови

Сподели и размисли:

- Како може оваа игра да помогне во едукација за одржлива мода?
- Како би ги сменил/а твоите навики во облекувањето откако ги научи сите овие поими?






Co-funded by the European Union

FERI

MATA